**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 01.09.2023

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtese | Вр. дност Vlere |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 3358 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот:** 16 август 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 септември 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 20.07.2023 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-250 од 20.07.2023 година) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (25.07.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз радиопрограмскиот сервис на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, емитуван на 16 август 2023 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена,** односно ја отстранил извршената повреда од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето: /**

## 9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*